# КОНЦЕНТРАЦИЈА И ДРЖАВНА ПОМОШ

Академија на судии и јавни обвинители – Скопје, 13.04.2022 година

Проф. Д-р Валентин Пепељугоски, Адвокат, е-маил: vpepeljugoski@unet.com.mk; Моб.: 070221197

# Зошто е битна конкуренцијата и правото на конкуренција?

- **Битна е за општеството** (слободната конкуренција и пазарот се иманентни за општеството)
- **Битна е за нас како индивидуи** (кривична одговорност, нарушување на угледот)
- **Битна е за фирмите** (кривична одговорност, нарушување на репутацијата, високи казни – до 10% од прометот)
- **Битна е за потрошувачите** (благосостојба на потрошувачите, поефтини производи и услуги и подобар квалитет)

# СИСТЕМОТ НА ПРАВОТО НА КОНКУРЕНЦИЈА



# Страни и Цели

**Страни**




**Цели**

- Слободен пазар
- Конкурентен пазар
- Либерален пазар
- Ниски цени
- Високо квалитетни стоки и услуги
- Ефикасност
- Благосостојба на потрошувачите…

# ЛЕГИСЛАТИВА

- Закон за заштита на конкуренцијата (член 12 – 25);
- Закон за државна помош
- Закон за облигационите односи (член 8 – 16)
- Кривичен законик (член 150 и 281)
- Закон за аудио и аудиовизуелни и медиумски услуги (член 6, 9, 18, 25, 36 – 43)
- Закон за енергетика (член 5 – 7, 32, 35 и 103)
- Уред-ба за фор--мата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето
- Насоки за известување за настанување на концентрации

# КОНЦЕНТРАЦИЈА

- Контролата на концентрациите е ре----гулирана со членовите 12-25 од ЗЗК.
- Контролата на концентрациите ут-вр-де--на во ЗЗК се применува на сите стопански дејности вклучително и ус-лу-ги-те.
- Контролата е неопходна и покрај тоа што со ок-ру-п--нувањето се зголемува конкурентноста на стопанството, би--дејќи може да доведе до создавање на опасни структури кои може да ја на--рушат конкуренцијата и да доведат до рушење на стопанството.
- Бидејќи цел--та на контролата е да овозможи окрупнување во разумна мерка, про-пи-ша--ниот режим се применува во релативно ограничено поле на примена
- **Под концентрација се подразбира трајна промена на структуратата на претпријатието со прегрупирање, во кое доаѓа до стекнување на кон-т-ро-ла врз друг субјект.**

# КОГА НАСТАНУВА КОНЦЕНТРАЦИЈАТА?

- Концентрација се смета дека нас-та-ну-ва кога промената во контролата на долгорочни основи е резултат од:

- спојување на две или повеќе претходно независни претпријатија или делови од претпријатија, или
- стекнување од едно или повеќе лица кои веќе контролираат нај-мал---ку едно претпријатие, или
- од едно или повеќе претпријатија преку ку-пу-ва---ње на хартии од вредност или имот, со договор или на друг начин про-пи-шан со закон, на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе претпријатија.

- **Контролата се состои од права, договори или други средства** кои од-дел-но или во комбинација, имајќи ја предвид фактичката или правната сос-тој-ба, **да-ва-ат можност за вршење решавачко влијание врз претпријатието, осо-бено пре-ку сопственост или право на користење на целиот или дел од имо-тот на претпријатието или права или договори кои даваат можност за одлучувачко влијание врз сос--тавот, гласањето или донесувањето на одлуки од органите на прет-при-ја-ти-ето.**

# ОД КОГО СЕ СТЕКНУВА КОНТРОЛАТА ПРИ КОНЦЕНТРАЦИЈА?

• Контролата се стекнува од лица или претпријатија кои се иматели на правата или се овластени да ги вршат правата врз ос--нова на предметните договори или иако не се иматели на таквите права, ниту се овластени од имателите на  пра-ва-та врз основа на таквите договори, имаат моќ да ги вршат правата кои про-из---ле-гуваат од нив.

•Согласно со ставот 4 од член 12 од ЗЗК, создавањето заедничко вло-жу-ва--ње, кое на долгорочна основа ќе ги врши функциите на автономна еко-ном--ска целина, се смета за концентрација.

# УЧЕСНИЦИ ВО КОНЦЕНТРАЦИЈАТА

- Учесниците во концентрацијата се: претпријатија кои се спојуваат и лицата или претпријатијата кои што стекнуваат контрола на целото или на делови од едно или повеќе други претпријатија, како и претпријатијата или деловите на претпријатијата врз кои се стекнува контрола.

- Лленот 12 став (1) точка 1) од ЗЗК зборува за спојување на две или повеќе претходно независни претпријатија или делови од претпријатија.

- Од друга страна, членот 12 став (1) точка 2) зборува за стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе лица кои веќе контролираат најмалку едно претпријатие или едно или повеќе претпријатија, преку купување на хартии од вредност или имот, со договор или на друг начин пропишан со закон.

- Значи, ЗЗК со оваа одредба ги опфатил сите случаи на превземање на претпријатијата односно на нивна контрола, кои се предвидени во ЗТД, Законот за хартии од вредност, но и купување на имот со договор, согласно ЗОО.

# УСЛОВИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КОНЦЕНТРАЦИЈАТА

- Во ставот 1 од член 14 од ЗЗК дадена е висината на вкупниот годишен приход и висината на пазарниот удел на претпријатието односно претпријатијата учесници во концентрацијата, како услов за известување на КЗК за концентрацијата.
- Дадени се три случаи и тоа:

1) ако заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Северна Македонија, и/или

2) ако заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги во Република Северна Македонија го надминува износот од 2,5 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, и/или

3) ако пазарниот удел на еден од учесниците изнесува повеќе од 40% или вкупниот пазарен удел на учесниците во концентрацијата на пазарот изнесува повеќе од 60% во годината што и претходи на концентрацијата.

# УСЛОВИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА КОНЦЕНТРАЦИЈАТА

- Значи, покрај апсолутниот износ на вкупниот годишен приход на претпријатието односно претпријатијата кој треба да изнесува 10 милиони евра на светскиот пазар или 2,5 милиони евра на македонскиот пазар, во членот 14 став 1 се оперира и со пазарниот удел, и тоа над 40% на еден од учесниците во концентрацијата или повеќе од 60% од сите учесници во концентрацијата.
- Износите се однесуваат на годината која и претходи на концентрацијата. Затоа, доколку до поднесувањето на известувањето за концентрација, учесниците во концентрацијата немаат составена годишна пресметка, како релевантна година во постапката за оценка на концентрацијата се смета последната година за која учесниците имаат составена годишна пресметка.
- На пример, доколку концентрацијата се врши во 2020 година, како релевантна година ќе се смета 2019 година, бидејќи тоа е последната година за која учесниците имаат доставено годишна (завршна) сметка и оставерениот прход е приход од цели 12 месеци.

# ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ ПРОИЗВЕДЕНИ/ДАДЕНИ ВО СВОЕТО РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ

- Согласно со член 16 од ЗЗК при пресметка на вкупниот годишен приход се земаат износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и износите остварени од давање на услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, **по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот.**
- Ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од ЗЗК, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие.
- Кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив. Во случај кога концентрацијата се однесува на стекнувањето на дел или делови од имотот на едно или повеќе претпријатија, без разлика дали тие делови се формирани како посебни правни субјекти, при пресметувањето на приходот остварен од страна на претпријатието што го продава тој имот, се зема предвид само приходот од имотот кој е предмет на стекнување.

# РЕЛЕВАНТЕН И ГЕОГРАФСКИ ПАЗАР

- ЗЗК оперира со поимот пазар на стоки и услуги во Република Северна Македонија и светски пазар на стоки и услуги.
- Границите на пазарот за-ви--сат од стоката, односно услугата која е предмет на конкуренцијата и од моќ--та на натпреварувачите.
- Римскиот договор го одредува географскиот аспект на пазарот како це-л-окупен заеднички пазар, односно како територија на целата ЕУ, или ка--ко значаен дел на таа територија. Меѓутоа, така одредено географско под--рачје или географски (територијален) пазар не е доволно за утврдување на релевантниот пазар
- По-и-мот релевантен пазар содржи два елементи: релевантен производ и мес-то каде релевантните производи на различни понудувачи се во кон-ку-рен-ци-ја.
- Постапката за утврдување на релевантниот пазар заради тоа е составена од две фази: утврдување на релевантните производи и утврдување на реле-ван--тното географско подрачје.
- ЗЗК во членот 5 го дефинира релевантниот пазар како релевантен пазар на стоки и релевантен географски пазар, а релевантниот пазар на стоки како пазар на сите стоки и/или услуги што се сметаат за меѓусебно разменливи или заменливи за потрошувачот, според карактеристиките на стоките, нивните цени и нивната наменска употреба. Овие дефиниции се усогласени со конкурентското право на ЕУ

# РЕЛЕВАНТЕН И ГЕОГРАФСКИ ПАЗАР

- **“Релевантен пазар"** е релевантен пазар на стоки и релевантен географски пазар,
- **“Релевантен пазар на стоки"** е пазар на сите стоки и/или услуги што се сметаат за меѓусебно разменливи или заменливи за потрошувачот, според карактеристиките на стоките, нивните цени и нивната наменска употреба,
- **“Релевантен географски пазар"** е пазар на подрачје во кое засегнатите претпријатија се вклучени во понудата и побарувачката на стоки и/или услуги, во кое условите за конкуренција се доволно хомогени и можат да се разграничат од соседните подрачја, според условите за конкуренција кои се значително различни во тие подрачја,

# ОБВРСКА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА КОНЦЕНТРАЦИЈАТА

- Членот 15 од ЗЗК ја регулира обврската за известување за концентрацијата на учесниците во постапката за концентрација, образецот на кој се поднесува тоа известување и содржината, односно пропратната документација која се поднесува со известувањето, како и постапувањето на овластеното службено лице кое ја води постапката за оценка на концентрацијата.
- Само пријавена концентрација може да биде доз--волена.
- Членот 15 од ЗЗК предвидува два случаи каде постои обврска за известување на КЗК.
- Првиот случај - учесниците во концентрацијата се должни до КЗК да достават известување за концентрацијата пред нејзиното спроведување, а по склучувањето на договорот за спојување, односно по објавувањето на јавната понуда за откуп или стекнувањето на мнозинско учество во основната главнина на претпријатието. Разбирлива е обврската КЗК да се извести по склучување на договорот за спојување, односно по објавувањето на јавната понуда за откуп, но пред истиот да се спроведе во Централниот регистар на РСМ. Ова од причина што на ваков начин КЗК има можност да не го дозволи ефектуирањето на концентрацијата
- Вториот случај - учесниците можат да ја известат КЗК за нивната сериозна намера да склучат договор или во случај на јавна понуда кога јавно ја искажале нивната намера да учествуваат на истата, доколку таквиот договор односно јавна понуда би имале за последица настанување на концентрација. (ПРИМЕР: преку потпишување на писмо на намери, меморандум за соработка и сл.) или во случај на јавна понуда кога јавно ја искажале нивната намера да учествуваат на истата.

# СУСПЕНЗИЈА НА КОНЦЕНТРАЦИИТЕ

- Имајќи ги во вид ефектите врз конкуренцијата од спроведувањето на концентрацијата, законодавецот предвидел во кои случаи концентрацијата не смее да се спроведе.

- Концентрацијата не смее да се спроведе ниту пред да биде поднесено известување за истата до КЗК, ниту по поднесувањето на известувањето, се додека не биде донесено решение дека концентрацијата е во согласност со одредбите од ЗЗК, во смисла на член 19 став (1) точки 1) и 2), член 20 став (1) точки 1), 2) и 3) или пред да биде исполнета претпоставката од член 24 став (6) од ЗЗК.

- Тоа значи дека доколку КЗК ут--врди дека концентрацијата за која е поднесено известување, иако потпаѓа под одредбите од ЗЗК, нема да има за последица значително спречување, ог-ра--ничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или не--гов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците, донесува решение со кое утврдува де--ка концентрацијата е во согласност со одредбите на ЗЗК.

- Решението со кое Комисијата утврдува дека концентрацијата е во согласност со одредбите од ЗЗК ќе се смета дека ги опфаќа и ограничувањата директно поврзани и не--опходни за спроведување на концентрацијата.

# ИСПИТУВАЊЕ НА ИЗВЕСТУВАЊЕТО

- КЗК ќе го разгледа известувањето за концентрација од денот кога е при--мено, и доколку утврди дека концентрацијата за која е поднесено из-вес-ту--вање не потпаѓа под одредбите од ЗЗК, во рок од 25 работни дена од де-нот на прием на уредното известување донесува решение.
- Доколку пак КЗК ут--врди дека концентрацијата за која е поднесено известување, иако потпаѓа под одредбите од ЗЗК, нема да има за последица значително спречување, ог-ра--ничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или не--гов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците, донесува решение со кое утврдува де--ка концентрацијата е во согласност со одредбите на ЗЗК.Решението со кое Комисијата утврдува дека концентрацијата е во согласност со одредбите од ЗЗК ќе се смета дека ги опфаќа и ограничувањата директно поврзани и не--опходни за спроведување на концентрацијата.
- Во третиот случај, доколку КЗК утврди дека концентрацијата за која е поднесено известување потпаѓа под одредбите од ЗЗК и за последица може да има значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или не--гов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците, во рок од 25 работни дена од де-нот на прием на уредното известување, донесува заклучок за поведување на постапка.

# ПОНИШТУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ СО КОЕ Е ОДОБРЕНА КОНКУРЕНЦИЈАТА

- КЗК може да донесе решение за поништување на решението со кое ја одобрила концентрацијата.
- Тоа може да се случи кога решението за концентрација е донесено врз основа на неточни и/или нецелосни податоци за кои е одговорен еден од учесниците во концентрацијата или истите се добиени по пат на измама, а имале одлучувачко влијание врз донесување на решението или доколку учесниците не исполниле некоја од обврските наложени во решението.
- Во овие случаи, КЗК го поништува решението со кое утврдила дека концентрацијата е во согласност со одредбите на овој закон, утврдува дека концентрацијата не е во согласност со одредбите на овој закон и доколку е потребно, наложува мерки и обврски за повторно воспоставување на ефективна конкуренција на релевантниот пазар.
- Согласно член 269 од ЗОУП, со поништувањето на решението се поништуваат и правните последици што ги произвело таквото решение. Во случај на поништување, КЗК е должна без одлагање да ги извести учесниците на концентрацијата.

# МЕРКИ ПО СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО

- КЗК може со решение да наложи мерки на однесување и структурни мерки потребни за повторно воспоставување на ефективна конкуренција на релевантниот пазар, како и да одреди рокови за нивно извршување во случаите кога концентрацијата била спроведена без почитување на обврската за поднесување на известувањето, согласно со членот 15 од ЗЗК или пак концентрацијата е спроведена спротивно на решение на КЗК, со кое се утврдува дека истата не е во согласност со одредбите од ЗЗК.

- Покрај санкциите определени во ЗЗК, КЗК со решението може да наложи продажба или пренос на стекнатите акции/удели, односно да забрани или да ограничи остварување на право на глас поврзано со акциите или уделите на учесниците во концентрацијата, да наложи престанување на постоење на заедничко вложување (joint venture) или на други облици на стекнување на контрола во смисла на член 12 од ЗЗК.

- Полскиот Завод за конкуренција и заштита на потрошувачите покрај тоа што ги казни Gazprom, им изрече и мерки на компаниите со кои им нареди да ги раскинат договорите склучени за финансирање на Северен поток 2 со цел да ги обноват односно вратат назад пазарните услови во состојба во која биле пред концентрацијата.

# ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ

- Членот 23 од ЗЗК ги регулира случаите кога КЗК може со решение да наложи привремени мерки, со цел повторно воспоставување или одржување на ефективна конкуренција.

- Три случаи, и тоа: **Првиот** се однесува кога концентрацијата е извршена спротивно на членот 18 од ЗЗК, а сеуште не е донесено решение со кое се утврдува дали концентрацијата е во согласност со одредбите на ЗЗК. **Вториот случај** е кога концентрацијата е извршена спротивно на утврдените услови и наложените обврски со решение од членот 19 став (3) или член 20 став (1) точка 3) од ЗЗК, и **Третиот случај** е кога концентрацијата е веќе извршена и е утврдено дека истата не е во согласност со одредбите од ЗЗК.

- При спроведувањето на одредбите од членот 23 од ЗЗК, КЗК мора да ги има во вид и одредбите од ЗОУП.

# ЗАБРАНЕТА КОНЦЕНТРАЦИЈА

- Полскиот Завод за конкуренција и заштита на потрошувачите ги казни Gazprom со парична казна од 6.5 милијарди евра и Engie, Uniper, OMV, Shell и Wintershall со околу 65.4 милиони евра, заради тоа што за проектот Северен поток 2 (Nord Stream 2) без одобрение на полскиот Завод за конкуренција и заштита на потрошувачите ги повредил правилата за контрола на концентрацијата.

- Согласно со одредбите од законот, доколку претпријатието ја спроведе постапката за концентрација без добивање на согласност од Заводот, Заводот е овластен да изрече максимална парична казна во висина од 10% од вкупниот приход кој бил остварен во претходната финансиска година.

# ЗАКОН ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ И МЕДИУМСКИ УСЛУГИ (ЗААМУ )

- ЗААМУ има за цел и унапредување и поттикнување на конкуренцијата и развој на радиодифузната дејност, транс-парантност, независност и недискриминација во регулаторните процеси и не--зависен и ефикасен јавен радиодифузен сервис.
- Меѓу другите цели за донесувањето на овој закон е и регулирање на заштитата на плурализмот, разновидноста и јавноста на радиодифузерите, следење на концентрацијата во областа на медиумскиот  и аудиовизуелниот пазар, недозволување на незаконска медиумска концентрација од страна на АААВМУ  .
- Заради транспарентност во работењето, АААВМУ е должна да спроведува јавни истражувања и анализи во поглед на развојот и состојбите на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

# НЕДОЗВОЛЕНА МЕДИУМСКА КОНЦЕНТРАЦИЈА

1. Согласно со член 39 и 40 од ЗААМУ, се смета дека постои недозволена медиумска кон--центрација кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како:

   - поврзани лица во смисла на ЗААМУ;

   - основачи на други радиодифузери спротивно на одредбите од членот 37 ставови (1), (2), (3) и (4) од ЗААМУ;

   - основачи на издавач на печатен медиум кој издава дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио и/или телевизиската програма;

   - основачи на новинска агенција и основачи на друштво за реклама и пропаганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизулни дела, друштво за филмска продукција или оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми.

2. Во 2009 година постоеше основано сомнение и се шпекулираше дека сопственикот на А1 Телевизија, истовремено е сопственик односно има мнозински удел сам или со членовите на неговото потесно семејство на дневните весници „Шпиц” и „Време”. Ниту Советот за радиодифузија, ниту КЗК не направија некоја посеопфатна истрага за да се до--кажат или конечно отфрлат ваквите шпекулации, иако во меѓувреме со отворањето на стечај на А1 Телевизија и беше одземена лиценцата.

# НЕДОЗВОЛЕНА МЕДИУМСКА КОНЦЕНТРАЦИЈА- ПОВРЗАНИ ЛИЦА

- Согласно член 36 од ЗААМУ, поврзани лица се лицата кои се меѓусебно поврзани преку управување, капитал или на друг начин и кога тие поради таквата поврзаност заеднички можат да ја креираат деловната политика, односно да дејствуваат на координиран начин заради остварување на заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за финансирањето, деловното работење или при одлучување за програмскиот концепт на радиодифузерот.
- Особено, како поврзани лица се сметаат: членовите на семејството, членовите на семејството на брачниот или вонбрачниот другар, лицата кои како иматели на вкупен удел во сопственоста, на акции или на други права во друго лице, учествуваат во управувањето на тоа лице со најмалку 25% од гласачките права, лицата кај кои едно исто лице има вкупен удел, акции или други права, врз основа на што учествува во управувањето во секое од тие лица со најмалку 25% од гласачките права, поврзаните друштва во смисла на ЗТД, лицата кои со маркетинг или друг договор, во тримесечен или подолг период во една година остваруваат повеќе од 30% од приходи од рекламирање, телешопинг и спонзорство и лица кои се членови на управниот или надзорниот одбор во радиодифузерот и лицата кои се сметаат за поврзани со членовите на управниот или надзорниот одбор на начин утврден со член 36 од ЗААМУ.

# НЕДОЗВОЛЕНА МЕДИУМСКА КОНЦЕНТРАЦИЈА – ПОСТАПКА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

- Согласно член 41 од ЗААМУ предвидена е обврска за радиодуфузерот да ја извести АААВМУ пред спроведувањето на било каква промена на сопственичката структура.
- Радиодифузерот не смее да ја спроведе промената на сопственичката структура пред истата да биде одобрена од страна на АААВМУ,односно пред правосилното завршување на управниот спор, доколку е поведен.
- По приемот на известувањето, АААВМУ испитува дали со предложените промени на сопственичката структура би се создала недозволена медиумска концентрација. При тоа АААВМУ соработува и разменува информации со надлежните органи и тела. Во зависност од утврдените резултати, АААВМУ донесува одлука со која ја дозволува односно не  ја дозволува медиумската концентрација.
- Доколку пак АААВМУ донела одлука со која дозволила спроведување на промена на сопственичката структура врз основа на неточни и/или нецелосни податоци за кои е одговорен радиодифузерот или истите се добиени по пат на измама, а имале одлучувачко влијание за донесување на одлуката, АААВМУ ќе ја поништи таквата одлука и ќе му нареди на радиодифузерот во рок од 30 - 90 дена од денот на приемот на одлуката да ја усогласи сопственичката структура со одредбите на ЗААМУ. Доколку радиодифузерот не постапи во согласност со означената одлука, АААВМУ согласно  со член 42 од ЗААМУ ќе му ја одземе дозволата на радиодифузерот.

# ЗАБРАНЕТА КОНЦЕНТРАЦИЈА - ЕНЕРГЕТИКА

- Регулаторната комисија за енергетика  соработува со КЗК за си--те прашања поврзани со конуренцијата во областа на енергетскиот сек-тор.
- Согласно со член 5 од Законот за енергетика (ЗЕ), со цел да се оневозможи дискриминаторското однесување, вкрстеното субвенционирање и нарушувањето на конкуренцијата во случаите кога едно друштво, независно од неговата сопственост и правна форма, врши една или повеќе регулирани енергетски дејности или една или повеќе регулирани енергетски дејности и друга енергетска дејност или друга дејност, тоа друштво е должно да:

1) води одвоено сметководство за секоја поединечна регулирана енергетска дејност што ја врши;
2) вклучи во своето сметководство финансиски извештаи за енергетската дејност за чие вршење е должен да обезбеди јавна услуга, доколку во согласност со ЗЕ му е доделен надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес согласно со прописите за државна помош;
3) води одвоено сметководство за дејностите кои ги врши и кои не се регулирани енергетски дејности или други дејности кои ги извршува и
4) изготви и објави финансиски извештаи и други извештаи за активностите и обврските погоре наведени, во согласност со прописите и правилата за финансиско известување и ревизија.

# ЗАБРАНЕТА КОНЦЕНТРАЦИЈА - ЕНЕРГЕТИКА

- Друштвото кое врши регулирана енергетска дејност е должно да достави до РКЕ ревидирани годишни финансиски извештаи за секоја регулирана дејност одделно, и да ги објави на својата веб-страница.
- За нерегулираните енергетски и други дејности, финансискиот извештај што се доставува до РКЕ може да биде во консолидирана форма. Финансиските извештаи треба да бидат изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Регулаторната комисија за енергетика може да пропише обврска за друштвата кои вршат регулирани енергетски дејности да водат, објавуваат и поднесуваат други извештаи, сметки и евиденции, и да ја пропише нивната форма и содржина.
- Владата на Република Северна Македонија по претходно прибавено мислење од РКЕ и мислење или решение од КЗК, како и по претходно прибавено мислење или предлог на друг надлежен орган или општина или градот Скопје, **може да донесе одлука со која на друштво коешто врши енергетска дејност му се наметнува обврска за обезбедување на јавна услуга во определен временски период,** со цел да се обезбеди: сигурност, вклучувајќи ја и сигурноста во снабдувањето, редовност, квалитет и цена на снабдувањето, ефикасно и економично користење на природните ресурси наменети за производство на енергија, унапредување на енергетската ефикасност, поголемо искористување на енергијата од обновливи извори или заштита на животната средина и ублажување на климатските промени.

# ДРЖАВНА ПОМОШ - ЕНЕРГЕТИКА

- На вршителот на енергетска дејност на кој со ЗЕ или со одлуката му е утврдена обврска за јавна услуга може, **ако е тоа потребно, да му се додели надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес согласно со прописите за државна помош**.
- Регулаторната комисија за енергетика најмалку еднаш годишно објавува извештај за проценка за усогласеноста на цените за снабдување со енергија со обврските за обезбедување на јавна услуга од член 6 од ЗЕ и го доставува до Комисијата за заштита на конкуренција и Советот за заштита на потрошувачите.
- Во извештајот е содржана проценка на можните влијанија од исполнувањето на обврската за јавната услуга врз конкуренцијата.
- На универзалниот снабдувач **може, ако е тоа потребно, да му се додели надоместок за вршење на услуга од општ економски интерес согласно со прописите за државна помош**.

# СОРАБОТКА ПОМЕЃУ РКЕ - КЗК

- Една од најприоритетните и најважните цели на Регулаторната комисија за енергетика и е заштита на потрошувачите и унапредувањето на ефективната конкуренција, со цел **потрошувачите да имаат корист од ефикасното и конкурентното функционирање на пазарите на енергија во Република Северна Македонија**
- Заради остварување на овие цели, **Регулаторната комисија за енергетика: соработува со надлежните државни органи, вклучително и со КЗК, единиците на локалната самоуправа, вршителите на енергетски дејности, корисниците на енергетските системи и потрошувачите** на енергија и со други организации и институции и иницира и предлага донесување на нови и изменување на постојните закони и други прописи од областа на енергетиката.
- ЗЗК и дава право на КЗК да делува против концентрациите кои мо-же да имаат за последица спречување, ограничување или нарушување на ефек-тив-на--та конкуренција на пазарот или на нејзин значителен дел, особено ка-ко ре-зул--тат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учес-ни-ци-те.

# Пракса во САД

## F.T.C. v. Coca Cola Co.

- FTC побарал времена мерка за да се запре преземањето на Dr. Peppers од Coca Cola
  - (1) елиминирање на конкуренцијата поради кола со вкус на цреша; (2) концентрацјата ќе го поттикне премолчното договарање за зголемување на цените
- Одлуката се ревидира

## U.S. v. Continental Can Co.

- Спојувањето на поризводител на стакло и лименки е спротивно на Clayton Act, иако овие видови на пакувања не се наптреваруваат меѓу себе, односно не се конкуренти
- ***Иако надворечните граници на еден пазар на производ се дефинира од заменливоста и еластичноста на понудата и побарувачката, во поширока смисал може да има различни „подпазари“ кои претставуваат релевантен пазар за целите на конкуренцијата***
- Влијание на индустријата за пијалаци – предност на лименките над стаклото: складирање, кршливост, мали трошоци за дистрибуција

# Пракса во ЕУ (1)

- ***Cargotec and Konecranes*** – концентрацијата е условно одобрена во 2022
  - *Cargotec и Konecranes се два глобални лидери во опремата за ракување со контејнери и товар. Операторите на пристанишните терминали, логистичките компании и широк спектар на индустриски играчи во Европа зависат од оваа опрема за подигање и носење контејнери и тешки товари. Во сегашниот пејзаж на индустријата за транспорт на контејнери, требаше да се погрижиме ова спојување да не им наштети на синџирите на снабдување со понатамошни зголемувања на цените. Следејќи ги гаранциите понудени од двете компании, клиентите во Европа ќе продолжат да имаат доволен избор на опрема за пристаниште и ќе продолжат да имаат корист од конкурентните цени и големиот избор на технологија*

# Пракса во ЕУ (2)

- МЕТА (FACEBOOK) – концентрацијата е условно одобрена во 2022 година
  - *Мора внимателно да ги прегледаме трансакциите кои би можеле дополнително да ги зајакнат големите играчи кои сè повеќе доминираат во дигиталната економија, без оглед на големината на целната компанија. Нашата денешна одлука ќе обезбеди дека иновативните ривали и новите учесници на пазарот на софтвер за управување со односи со клиентите можат ефективно да се натпреваруваат. Обврските што ги нуди Мета гарантираат дека нејзините ривали ќе продолжат да имаат бесплатен и споредлив пристап до важните канали за пораки на Мета*

# Пракса во РСМ – Концентрации (2019)

- Во 2019 година, Комисијата во 57 решенија утврди дека концентрацијата иако потпаѓа под одредбите од ЗЗК истата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на ЗЗК, во 6 решенија утврди дека концентрацијата на потпаѓа под одредбите на ЗЗК и со 1 решение е делумно поништено претходно донесено решение на КЗК.
- Делумно поништено едно решение со кое претходно се одобрува концентрација за Уп.бр.08-58 од 27.11.2017 година на барање на Диаверум Шведска АБ, Шведска
    - Релевантен пазар: трговија на големо со фармацевтски производи и обезбедување услуги за дијализа

# Пракса во РСМ – Концентрации (2020)

- Во текот на 2020 година, Комисијата има донесено вкупно 87 решение во управна постапка од кои 62 решенија се однесуваат за контрола на концентрации, а 25 решенија се однесуваат за контрола на државна помош
- Комисијата одобри 60 концентрации односно утврди дека концентрацијата е во согласност со одредбите на ЗЗК, додека во 2 решенија КЗК утврди дека концентрацијата не потпаѓа под одредбите на ЗЗК.